# OPPORTUNITIES FOR STARTING ENTREPRENEURIAL ACTIVITY IN RURAL AREAS IN MUNICIPALITY OF GEVGELIJA

**Maria Magdicheva-Shopova**
Faculty of Tourism and Business Logistics, Goce Delcev University - Stip, Republic of Macedonia
marija.magdinceva@ugd.edu.mk

**Abstract:** Global and modern economic trends are driving businesses to continually discover new opportunities for economic growth and maximize the utilization of resources. In this regard, tourism is an area with the potential to stimulate economic development which has a major role in creating business activities, starting entrepreneurial activity and achieving business results. The new concept of tourism as a carrier of economic development reaffirms the concept of rural tourism as a significant economic potential. The need's of modern tourists related with the temporary leaving of the opportunities by urban areas initiates the development of rural tourism. In another side rural tourism encourages the development of rural areas and utilization the possibilities of interaction between the local population and tourists.

The subject of the research in this paper is to understand the importance and impact of the entrepreneurial initiative in the development of rural tourism on the Municipality of Gevgelija.

The theoretical part in this paper gives an overview of the definition and characteristics of rural tourism and geographical description of the rural areas located on the territory of the Municipality of Gevgelija. In addition, were analyzed the opportunities of this region for starting entrepreneurial activity in the field of rural tourism or entrepreneurship in rural areas. Entrepreneurship in the rural areas is perceived by expressing interest in starting entrepreneurial activity, exploiting the opportunities and entrepreneurial skills of the local population, thereby improving the quality of life of the local population and rural areas.

Municipality of Gevgelija have great potential for development of rural tourism, by utilizing the natural location and combining different ways in creating tourist offer. Natural beauties, clean environment, manifestations, traditional food, hospitality and local resources are prerequisites for harnessing the potential of this region. Encouraging the local population to start an entrepreneurial activity is a prerequisite for the development of rural tourism. The entrepreneurial concept of the behavior of individuals and businesses initiates the development and creation of an appropriate tourism offer according to the needs of tourists. The analysis and research will confirm the basic hypothesis that the entrepreneurial initiative and rural entrepreneurs are the engines of the development of rural tourism, thus concluding this paper will provide recommendations for exploiting opportunities and encouraging local businesses to start up the business.

**Keywords:** Entrepreneurial Initiative, Rural Environment, Rural Tourism, Innovation

# МОЖНОСТИ ЗА ЗАПОЧНУВАЊЕ СО ПРЕТПРИЕМНИЧКА АКТИВНОСТ ВО РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ ВО ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

**Марија Магдинчева-Шопова**
Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет Гоце Делчев – Штип, Република Македонија, marija.magdinceva@ugd.edu.mk

**Апстракт:** Глобалните движења и современите економски текови ги насочуваат деловните субјекти кон постојано откривање на нови можности за економски развој и максимално искористување на ресурсите. Во таа насока туризмот претставува област со потенцијал за поттикнување на економскиот развој кој има голема улога во креирањето на бизнис активности, започнување со претприемничка активност, и остварување на деловни резултати. Новата концепција за туризмот како носител на стопанскиот развој го реафирмира концептот на руралниот туризам како значаен економски потенцијал. Потребата на современите туристи која се поврзува со привремно напуштање на можностите кои ги нудат урбаните средини иницира развој на руралниот туризам. Од друга страна пак, преку руралниот туризам се поттикнува развојот на руралните средини и се ставаат во функција можностите од интеракцијата помеѓу локалното население и туристите.

Предмет на истражување во овој труд се состои во согледување на значењето и влијанието на претприемничката иницијатива во развојот на руралниот туризам на подрачјето на Општина Гевгелија.

Во теоретскиот дел даден е приказ на дефинирањето и карактеристиките на руралниот туризам како и географски опис на местоположбата на руралните средини кои се наоѓаат на подрачјето на Општина Гевгелија. При тоа анализирани се можностите на потенцираниот регион за започнување со претприемничка активност во областа на руралниот туризам односно претприемништвото во руралните средини. Претприемништвото во руралните средини се согледува преку изразување на интерес за започнување со претприемничка активност,искористување на можнсотите и претприемачките вештини на локалното население со што се овозможува подобрување на квалитетот на животот на локалното население и руралните средини.
Општина Гевгелија конкретно населените места има огромен потенцијал за развој на руралниот туризмот, преку искористување на природната местоположба и комбинација на различните начини во креирање на туристичка понуда. Природните убавини, чистата околина, манифестации,традиционалната храна, гостопримството и локалните ресурси, претставуваат предуслови за искористување на потенцијалите на овој регион. Поттикнувањето на локалното население за започнување со претпримничка активност претставува услов за развој на руралниот туризам. Претприемничкиот концепт на однесување на поединците и претпријатијата иницира развој и создавање на соодветна туристичка понуда според потребите на туристите. Преку спроведената анализа и истражување ќе биде потврдена основната хипотеза дека претпримничката иницијатива и руралните претприемачи претставуваат поттикнувачи и носители на развојот на руралниот туризам, поради што во заклучокот од трудот ќе бидат дадени препораки за искористување на можностите и поттикнување на локалното население за започнување со бизнис.
**Клучни зборови:** претприемничка иницијатива, рурални средини, рурален туризам, иновативност

## 1. ВОВЕД

Туризмот претставува област која што го поттикнува економскиот развој. Според специфичноста на понудата и големината на побарувачката туризмот се дели на масовен и алтернативен.[16] Глобализациските и развојните процеси предизвикуваат промени во секој сегмент од работењето вклучително и областа на туризмот. Руралниот туризам има значајно влијание во развојот на туризмот,бидејќи нуди бројни деловни можности и отварање на работни места, но исто така и поради тоа што овозможува остварување на целите во економскиот развој.

Показателите кои ја потврдуваат развјната компонента на туризмот имаат големо влијание на процесот на формирањето на специјализирани претпријатија во областа на руралниот туризам. Привлечноста и потребата за бегство од динамичниот живот и работа придонесува луѓето да ги избираат руралните средини како место за идеален одмор.Развојот на руралниот туризмот се поврзува со промовирање на можности за развој на руралните форми на туризам преку подобрување на квалитетот на живот во руралните средини, инфраструктурно подобрување, унапредување на работата на претпријатијата и зголемување на грижата за заштита на животната средина. Истражувањата за претприемништвото може да се класифицираат на следните четири принципи:економски пристап, психолошки пристап, општествено-културолошки пристап и менаџерски пристап.[17]

Општина Гевгелија и населените места кои се наоѓаат на подрачјето на Општина Гевгелија има огромен потенцијал за развој на туризмот а посебно на руралниот туризам. Преку започнување со претприемничка активност се овозможува иискористување на можностите и потенцијалните на населените места како и отстарнување на евентуалните ограничувања за развојот на руралниот туризам на подрачјето на Општина Гевгелија. Руралниот туризам како алтернативна форма за развој на туризмот преку искористување на расположливите потенцијали придонесува за остварување на повеќе мултипликативни ефекти на локално и национално ниво. Од аспект на финансиската позиционираност, руралните средини се карактеризираат со понизок просечен приход по глава на жител и не доволно развиени услуги од една страна и поголеми природни вредности соодветни за одмор и рекреација, кои се привлечни за туристите.[18] Природните убавини, чистата околина исполнета со езера, планини, водопади, термални води, етно-села, манастири, како и локалните манифестации, традиционална храна и гостопримството претставуваат предуслови за

[16] Методијески Д., АцковскаМ., Петровска Ангеловска Н.,Филипоски О., Еко туризам, Штип, 2017,стр.20
[17] Петровиќ Ж.,Цвијановиќ Д., и Вукотиќ С., Предузетничка ориентација малих предузеча у Србији, Институт пољопривреде-Белград, ДИС Публик ДОО,Белград, 2014, стр.9-13
[18] Магдинчева-Шопова М., Петроска-Анѓеловска Н. И Таковска ,*Possibilities for financing Small and Medium Enterprises in the field of rural tourism in Southeastern region of the Republic of Macedonia,* International Journal Knowledge, 22.1. ISSN 1857-92,2018, pp.229-235

формирање на оригинална туристичка понуда во овој сектор. Претприемничката иницијатива и претприемништвото придонесува за развој на руралниот туризам во Општина Гевгелија и унапредување на визуелниот впечаток за руралните средини преку инфраструктурно опремување и поттикнување на севкупниот развој и враќање на населението во руралните средини. Претприемничката активност зависи од видот на претпријатието.[19]Локалното население или поединецот претставува носител на претприемничките активности. Поединците кои се носители на активностите се нарекуваат претприемачи а нивното однесување најчесто подразбира активности кои вклучуваат иновативност, проактивност и насоченост кон ризик при искористување на деловните можности.[20] Преку искористување на можностите и претприемачките вештини на локалното население се овозможува подобрување на квалитетот на живот на населението во руралните средини
Претприемачот ја креира стратегијата за работа и имплементира пазарни принципи за подобрување на работните активности[21].

**2. ОПИС НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА И НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА**

Општина Гевгелија има мошне поволна геопрометна, геостопанска и геотуристичка положба што се манифестира преку самата лоцираност и распространетост на Општината, Вардарската оска, која се надоврзува кон југ со Република Грција и на север со Република Србија, со што Општина Гевгелија е поврзана со Балканот и Европа. Општина Гевгелија се наоѓа на надморска височина од 64 м, непосредно на самата граница со Република Грција, ина најјуѓниот дел од државата, на површина од 485 км2. Според официјално објавените податоци, на подрачјето на Општина Гевгелија живеат 22.988 жители,[22] од кои околу 15.685 жители на подрачјето на Општина Гевгелија а останатите околу 7300 жители во населените места кои се наоѓаат на подрачјето на Општина Гевгелија: Мрзенци, Негорци, Прдејци, Миравци, Давидово, Милетково, Смоквица, Прдејци, Петрово, Габрово, Кованец, Серменин, Моин, Конско, Ново Конско и Хума.
Официјалните податоци укажуваат на тоа дека 46% од вкупното население на Општина Гевгелија живее во населените места Мрзенци, Негорци, Прдејци, Миравци, Давидово, Милетково, Смоквица, Прдејци, Петрово, Габрово, Кованец, Серменин, Моин, Конско, Ново Конско и Хума.
Евидентниот процес на намалување на земјоделското производство и депопулација на руралните подрачја за живеење како резултат на миграционите процеси кон градот, претприемништвото и иницијативите на локалното население овозможуваат развој на руралниот туризам како еден од можните фактори за ревитализација на рурлните подрачја од секој аспект, демографски, економски но и како фактор за зачувување на руралната традиција и вековната култура на живеење и егзистенција на руралните средини.
Низ територијата на општина Гевгелија минува примарната оска на развојот која се протега по Вардарската долина во правец север-југ и претставува дел од коридорот 10 а близината на Солунското пристаниште претставува значајна компаративна предност. Подрачјето на општината Гевгелија се простира на дел од сливот на долниот тек на реката Вардар која претставува најзначаен водотек кој ги дренира површинските и подземните води.
За општината посебно интересно е пробивањето на сообраќајниот правец кон западниот дел на Републиката, на линија Кожуф - Мариово - Пелагонија, како дел од кружната туристичка магистрала низ Македонија. Шумскиот пат преку Пољана овозможува сообраќајно поврзување на оваа општина со општина Кавадарци и можност за искористување на потенцијалите на руралните населени места кои се наоѓаат на ова подрачје. Природните потенцијали на овие рурални средини, живописните пејсажни и шумски предели, надополнети со поволната геопрометна положба, климатските и вегетациските карактеристики, можностите за лов и

---

[19] Цвијановиќ Д., Аничиќ Ј и Вукотиќ С.., Предузетништво младих и жена у Србији- Туризам као изазов, Факултет за хотелијерство и туризам-Врњачка бања, Универзитет во Крагујевац,стр.217-220, 2018, стр.16-25

[20] Петровиќ Ж.,Цвијановиќ Д., и Вукотиќ С., Предузетничка ориентација малих предузеча у Србији, Институт пољопривреде-Белград, ДИС Публик ДОО,Белград, 2014, стр.9-13

[21] Магдинчева-Шопова М, Постолов К. и Еленов Р. 2017) *The modern entrepreneurship in the process of modern tourism development in the Republic of Macedonia and municipality of Gevgelija. F*irst Internattional Scientific Conference, ISCTBL, Faculty of Tourism and Bisiness Logistics - Gevgelija, Macedonija. ISSN 978-608-244-465-9

[22] www.opstinagevgelija.gov.mk

риболов, термоминералнате води во Негорските бањи и локалитетот Смоквица, претставуваат основа за развој на руралниот туризам.

## 3. РУРАЛЕН ТУРИЗАМ-ДЕФИНИРАЊЕ И КАРАКТЕРИСТИКИ

Руралниот туризам има значајно влијание во развојот на туризмот,бидејќи нуди бројни деловни можности и отварање на работни места, но исто така и поради тоа што овозможува остварување на целите во економскиот развој. Споре дефиницијата на Европска Унија, руралниот туризам претставува алтернативна форма на развој на туризмот кој ги опфаќа сите активности во руралното подрачје а не само активности од областа на агро-туризмот и фармерскиот туризам. Овој вид на туризам обезбедува оригинални можности за локален економски развој и вработените во сите туристички капацитети поврзани со конкретната руралнаобласт, природа и искористувањето на можностите кои ги нудат руралните средини. Како алтернативна форма на туризмот, руралнито туризам е е насочен кон помали по обем сместувачки капацитети, изразено учество на локалната заедница, искористување на социјалните и културните вредности на конкретното подрачје и интеракција меѓу локалните жители и туристите.

Во стручната литература која ја обработува оваа област се среќават голем број на дефиниции и објаснувања за тоа што претставува руралниот туризам Основни карактеристики на руралниот туризам се поврзуваат со чистата и мирна животна средина, отсуство на гласност и бука, здрава животна средина, домашна-традиционална храна, блиски комуникациски односи со домаќините односно сопствениците на туристичките објекти и запознавање со т.н. рурални или селски работи.

Оваа форма на туризам генерира огромно влијание на локалната економија и социо-културните аспекти на руралните области од една страна и можности за населението кое што живее во тие области од друга страна.[23]

Важноста на руралниот туризам се состои во изразената интеракција помеѓу земјоделското производство, производството на традиционални производи, промовирање на традицијата, и традиционалните гастрономски и туристички услуги со искористување на постоечките ресурси во руралните средини. Оваа форма на алтернативен туризам е поврзана со природните, социјалните и општествените вредности и овозможува голема поврзаност помеѓу и домаќините односно претпријатијата кои ги нудат т.н. "рурални" туристички услуги и гостите. Руралниот туризам претставува олицетворение на руралнит живот, уметноста, културата и наследството на руралните средини.[24]

## 4. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Значењето и влијанието на претприемничката иницијатива во развојот на руралниот туризам на подрачјето на Општина Гевгелија се согледува преку спроведеното практично истражување за тоа дали локалното население кое живее на подрачјето на Општина Гевгелија е мотивирано да започне со претприемничка активност во областа на руралниот туризам, дали имаат сопствена идеја и дали имаат потреба од поддршка во реализација на идејата и каков вид на поддршка

за поттикнување на развојот на руралниот туризам. Практичното истражување е спроведено со примена на методот на анкетен прашалник, кој од соджински аспект се состои од 5 тематски прашања. Истражувањето беше спроведено кај 75 индивидуални лица кои живеат во населените места на подрачјето на Општина Гевгелија: Мрзенци, Негорци, Прдејци, Миравци, Давидово, Милетково, Смоквица, Прдејци, Петрово,Габрово,Кованец,Серменин, Моин, Конско, Ново Конско и Хума.

во периодот од 01.07.2018г. до 31.12.2018година. Од анкетираните 75 лица, 70 испитаници покажаа интерес и одговорија на прашањата од анкетниот прашалник.

## 5. РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

Врз основа на спроведеното истражување и вкупниот број на добиени опсервации на секое прашање се констатира дека анкетниот прашалник кој беше предмет на испитување е одговорен од страна на 70 испитаници кои покажаа интерес и активно учествуваа во истражувањето.

Според добиените одговори на секое прашање, се констатира дека на првото прашање - Дали размислувате за започнување со претприемничка активност во областа на руралниот туризам?, поголемиот дел од

[23] Kim, H., Woo, E., Uysal, M."Tourism experience and quality of life among eldery tourists", Tourism Management, Vol. 46, pp. 465–476, 2015

[24] Krishnakhi C., Papiya D. and Patgiri S.,Rural Tourism of North East India Prospects and Challenges, Journal of Humanities and Social Science, Volume 23, Issue 2, 2018

испитанниците се изјаснија позитивно, односно 55 испитаници се изјаснија дека сакаат да започнат сопствен бизнис и се обидуваат да бидат информирани за овој вид на бизнис.

На прашањето- Која област од руралниот туризам има најголем потенцијал за раст и развој? (земјоделство, сточарство, гастрономија, градинарство, лозарство, резбарство и сл.), поголемиот број испитаници или 58 испитаници се изјаснија дека сакаат да започнат со претприемничка активност во областа на традиционалната гастрономија а останатите 12 испитаници во областа на лозарството.

На третото прашање-Дали имате потреба од поддршка во реализацијата на Вашата претприемничка идеја?, речиси сите испитаници одговорија позитивно односно дека без поддршка не можат да започнат со реализација на претприемничката идеја.

На следното прашање кое гласи-Каков вид на поддршка е неопходен за реализација на претприемничакта идеја?,( финанскиска подршка, советодавна подршка, едукативна подршка, потреба од вработени со соосдветно искуство и сл) поголемиот број од испитаниците или 62 испитаника одговорија дека имаат потреба од финансиска поддршка а 8 испитаника сметаат дека имаат потреба од советодавна поддршка.

На прашањето – Дали сметате дека Општина Гевгелија го поттикнува развојот на руралниот туризам?, речиси сите 70 испитаници сметаат дека институциите на локално ниво не вложуваат доволно средства и сметаат дека се потребни соодветни програми за поттикнување на развојот на руралниот туризам.

## 6. **ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА**

Претприемништвото претставува процес за откривање на нови можности со истовремено преземање ризик во граници на расположливите ресурси и средства. Од друга страна пак претприемачот е личност која со вложува личниот капацитет и интегритет за откривање на нови можности со рационално искористување на расположливите ресурси. Со својата способност за откривање на можности претприемачот создава промени кои се движечка сила на општеството. Претприемачот е во постојана потрага по промени, а неговата способност за креација, идеја и иновација е од големо значење за економски раст и развој.

Претприемачот е способен на различен начин да ги искористи расположливите ресурси, да ги открие можностите онаму каде што другите не можат да ги видат и да воведе нов начин на организирање на работните активности.

Преку сознанијата добиени од истражувањето спроведено во рами на овој труд како и врз основа на теоретската анализа се констатира дека Општина Гевгелија има големи можности и потенцијал за развој на руралниот туризам преку поттикнување на локалното население за започнување со претприемничка активност. Добиените резултати од спроведеното истражување ја потврдуваат поставената хипотеза дека преку претпримничката иницијатива и руралното претприемништво се поттикнува развојот на руралниот туризам. Исто така резултатите од истражувањето укажуваат на тоа дека локалното население сака да започне со претприемничка активност во областа на руралниот туризам и има потреба од финансиска и едукативна поддршка, како и поголема поддршка од страна на локалните институции за поттикнување на развојот и промоција на руралното претприемништво. Афирмацијата на претприемништвото може да биде добар почеток на напредна и прагматична трансформација кон економски развиениот свет.[25] Преку искористување на можностите ќе се придонесе за создавање на нови бизниси, нови работни места и креирање на соодветна туристичка понуда. Од друга страна пак се позитивните ефекти од развојот на руралниот туризам: зголемување на вработеноста на локалното население и дополнителен приход за селските домаќинства,развој на производната и сулужна дејност, намалување на миграцијата село-град како и заштита и одржуавње на природната средина и културното наследство. [26]

## **ЛИТЕРАТУРА**

Аниќиќ Ј.,Вукотиќ С. И Тодориќ Ј.,(2016) Economic-geograficl and regional context of entrepreneurship in Serbia, *Journal of the Gografical Institute Jovan Cvijik,* Белград, 66(1),125-142

Магдинчева-Шопова М., Петроска-Анѓеловска Н. и Таковска М, (2018)*Possibilities for financing Smal and Medium Enterprises in the field of rural tourism in Southeastern region of the Republic of Macedonia, International Journal Knowledge*, 22.1.1857-92,2018, pp.229-235

[25] Аниќиќ Ј.,Вукотиќ С. и Тодориќ Ј., Economic-geograficl and regional context of entrepreneurship in Serbia, *Journal of the Gografical Institute Jovan Cvijik,* Белград, 66(1),2016, стр.125-142

[26] Цвијановиќ Д. и Ружиќ П., *Рурален туризам*, Факултет за хотелијерство и туризам-Врњачка бања, Универзитет во Крагујевац,стр.217-220, 2017

Магдинчева-Шопова М, Постолов К. и Еленов Р. (2017) *The modern entrepreneurship in the process of modern tourism development in the Republic of Macedonia and municipality of Gevgelija.* First Internattional Scientific Conference, ISCTBL, Faculty of Tourism and Bisiness Logistics - Gevgelija, Macedonija. ISSN 978-608-244-465-9

Методијески Д., АцковскаМ., Петровска Ангеловска Н.,Филипоски О.(2017) *Еко туризам*, Штип,

Kim, H., Woo, E., Uysal, M. (2015), *"Tourism experience and quality of life among eldery tourists,"* Tourism Management, Vol. 46, 465–476.

Krishnakhi C., Papiya D. and Patgiri S., (2018) Rural Tourism of North East India Prospects and Challenges, *Journal of Humanities and Social Science,* Volume 23, Issue 2,

Петровиќ Ж.,Цвијановиќ Д., и Вукотиќ С., (2014) *Предузетничка ориентација малих предузеча у Србији*, Институт пољопривреде-Белград, ДИС Публик ДОО,Белград, .9-13

Цвијановиќ Д. и Ружиќ П.,(2017) *Рурален туризам*, Факултет за хотелијерство и туризам-Врњачка бања, Универзитет во Крагујевац,217-220

Цвијановиќ Д., Аничиќ Ј и Вукотиќ С..,(2018) Предузетништво младих и жена у Србији- Туризам као изазов, Факултет за хотелијерство и туризам-Врњачка бања, Универзитет во Крагујевац,16-25

www.opstinagevgelija.gov.mk